**ОПШТИНА КОНЧЕ**
Општина Конче, 2424 Конче
Тел: +389(0)32 630 325
www.konce.gov.mk / e-mail: opstina.konce@t.mk

Општина Конче, врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ'' бр. 10/2020) и чл. 53-б од Статутот на општина Конче распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ФОРМИРАЊЕ ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА КОНЧЕ

Со овој Јавен повик, СЕ ПОВИКУВААТ сите младински организации, политички подмладоци, ученичките и студентските организации и другите облици на младинско здружување кои реализираат активности на подрачјето на општина Конче, да номинираат свој претставник во Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание на млади на општина Конче.

Бројот на членови на иницијативниот одбор е најмногу 5 (пет).

Улогата на инцијативниот одбор е да ја спроведе постапката за конституирање на Локалното собрание на млади, со што неговата функција престанува.

Задачи на Иницијативниот одбор се:

- Подршка на општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛМС;
- Распишување повик за конститутивното локално собрание на млади во согласност со Статутот на општината по принципот на јавност и транспарентност;
- Соработка со општината при организација и одржување на Конститутивното локално собрание за млади.

Задолжителни документи кои се доставуваат:

- Портфолио на организацијата/групата/здружението;

- Извештај за активности со млади во изминатата година;
- Писмо со номинација за член во Иницијативниот одбор и општи и контакт информации за членот.

Дополнителни (опционални) документи се:

- Годишна програма за работа;
- Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија;

Начин на пријавување:
Сите заинтересирани организации/групи/здруженија документите можат да ги достават скенирани на е-маил или во печатена форма во просториите на општина Конче со назнака „За формирање иницијативен одбро за конституирање на ЛСМ''.

E-mail opstina.konce@t.mk
Адреса: Општина Конче, с.Конче

Рок за пријавување:
7 (седум) работни денови, а најдоцна до (до 15:00 часот во просториите на општината или електронски до крајот на денот.

Лице за контакт или повеќе информации:
Службеник за млади во општина Конче –

Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов